Датум:

23.03.2015г.

**О Д Л У К А З А З А Т В О Р А Њ Е Н А С Л У Ч А Ј**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 06.03.2015 година, лицето Артан Груби поднесе жалба за текстови објавени на интернет порталот Лајм прес – "BDI i bën ofertë Zaevit, që të mos publikohen "bomba" për Abdilaqimin dhe Grubin" и "Forcat proruse kanosen me skenar ukrainas në Maqedoni!". Груби во жалбата наведува дека текстовите содржат навреда, лага, клевета, омраза и неетичко известување и кон жалбата приложи активни линкови од текстовите.

Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, веднаш по приемот на жалбата, истата ја препрати до интернет порталот Лајм прес со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. На наводите на жалителот одговор достави Лајм. Во одговорот се наведува дека медиумот јавно се извинил за наведените текстови и во извинувањето објаснил дека цел на критика не бил пратеник како приватно лице, туку политичар избран со гласови на народот.

# совет за етика во медиумите на македонија

На седницата на 20.03.2015 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Артан Груби, како и одговорот од Лајм и направи увид во наведениот текст.

Согласно наведеното Комисијата за жалби одлучи како во диспозитивот, како резултат на извинување на медиумот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Филип Ѓурчиновски и Сефер Тахири.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Мирче Адамчевски

---------------------------------------------------

Претседател на Комисијата за жалби

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595